

На околу два километри јужно од градот на самиот излез на Велес се наоѓа познатиот велешки манастир посветен на Свети Димитрија. Манастирот е изграден за верските потреви на населението и се смета дека во тој период служел како градска црква. Дека овој манастир има постара историја сведочат историските податоци кои се запишани од страна на патеписци, историчари и археолози. Од податоците се смета дека црквата е изградена во 14-от век но дека тогаш бил само обновен и проширен и одново изграден. Според преданијата на местото на кое денес постои манастирот се смета дека постоел друг храм кој што најверојатно бил помал. Се до 1855 година манастирот бил пет века под земја. Денешниот манастир се смета дека многу потсетува на првобитниот храм а доказ за тоа е базиликата која што по својата градба е еднокорабна со тристрана апсида од источната надворешна страна. На западната страна се наоѓа нартекс над кој се издигнува кула со камбанарија. Следејќи ги историските податоци кога турците по битката на Марица во 1371 година дошле во Македонија, пашата Тимурташ во 1385

година го освоил Велес а топовите ги поставил од левата страна на Вардар спроти манастирот. Велес бил бомбардиран а тогаш бил урнат и самиот манастир. Некаде околу 469 години манастирот останал затрупан и велешани го заборавиме но во 1855 година на многу чуден начин бил откопан. Според легендата на стотина метри од манастирот на десниот брег на реката Вардар имало воденица која била во сопственост на турското семејство Кади Молови каде што работел велешанецот Петре Здравев. Него на сон често му се јавувал Св. Димитрија и му велел да оди кај градските власти и да им каже дека се јавува светецот и бара да се откопа затрупаниот манастир. На иницијатива на Здравев чиј гроб денес се наоѓа на влезот во манастирот се возобновил манастирот при што зографските работи ги извршил познатиот зограф, Хаџи Коста Крстев. За самата црква може да се каже дека е изработена од делкан камен но за да се постигне познатиот ефект на полихромија користена е тула со спојки од малтер. Кога ќе ги погледнете фасадите ќе забележите дека истите се оживеани со орнаменти како што се: шаховски полиња, меандри и запци. Страните на апсидата се расчленети во нишки и аркади а венецот во горниот дел е запчесто изведен со тули. Влезовите и прозорците од северната страна се асиметрично поставени и истите завршуваат полукружно. По завршувањето на Втората светска војна споредните манастирски згради во дворот се служеле како конаци и манастирски простории. Од источната страна по целата должина на дворот во манастирот на север-југ имало две згради кои биле на приземје и кат, во приземјето се складирала стоката кои доаѓале на манастирската слава Св. Димитрија, првиот петок по Велигден и на некои други поголеми празнични денови. Како традиција кога целиот Велес е испаднат на улиците е празникот Источен Петок-Балаклија односно првиот петок по Велигден. Празник кој што е посветен на Пресвета Богородица а чија што најстара икона се наоѓа во самиот манастир. Граѓаните на овој ден им се поклонуваат на светците во манастирската црква и палат свеќи за здравје а притоа ги посетуваат и околните цркви Св. Јован, Св. Никола, Маркова меана и други. Убавините, историјата, опкружувањето се доволна причина да дојдете и да го посетите овој стар манастир и да се запознаете со сето она што го нуди. Но и во истовреме да запалите свеќа и да го побарате сопствениот душевен мир и да му се помолите на Бога.